Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-692/2

_________ година

16-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-692/1 од 06.11.2024 година, поднесена од [redacted] против ООУ ,,Добре Јовановски" Прилеп, за сторена сегрегација врз основа на етничка припадност врз ученици Роми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.12.2024, го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**

**за неповедување постапка**

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА** по претставката 08-692/1 од 06.11.2024 година, поднесена од [redacted] против ООУ ,,Добре Јовановски" Прилеп, за сторена сегрегација врз основа на етничка припадност врз ученици Роми, согласно член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

О б р а з л о ж е н и е

На 06.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација, заведена под бр. 08-692/1, поднесена од [redacted] против ООУ ,,Добре Јовановски" Прилеп, за сторена сегрегација врз основа на етничка припадност врз ученици Роми.

Во претставката подносителот наведува дека ООУ ,,Добре Јовановски" Прилеп врши континуирана етничка сегрегација врз ученици Роми, доставувајќи статистички податоци за бројот на чисти етнички ромски паралелки во споменатото училиште за учебните години 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025.

Имајќи предвид дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација веќе постапувала по претходна идентична претставка, поднесена од истиот подносител на 11.09.2023, заведена под бр. 08-506/1, во која се адресира истиот правен проблем и за која на 18.01.2024 е донесено мислење 08-109/1, во кое се утврдува индиректна продолжена дискриминација, која доведува до сегрегација врз основа на етничка припадност на учениците Роми во ООУ ,,Добре Јовановски" Прилеп, Комисија смета дека во конкретниот случај се исполнети условите од чл. 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација за непостапување по претставка по која претходно се одлучувало, а не се понудени нови факти и околности.

Скопје
16.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД